**ЈП ,,Стрежево" - Битола**
Булевар 1 Мај бр.77, 7000 Битола / тел. (047) 207 800, 207 816 / Факс (047)207 836
e-mail: strezevo@t.mk / web:www.strezevo.com.mk
жиро с-ка: 200-0034729814-93 Стопанска Банка А.Д.Скопје
жиро с-ка:250-0110004957-95 Шпаркасе банка А.Д Скопје
жирос-ка:500-0000000172-93 Стопанска банка А.Д.Битола
мат.број:**5562538** ; дан.бр МК:**4002978113467**

До
Анета Блажевска
дописник на Независен.мк

Наш знак 05-129/11 Ваш знак

Битола, 05. 12. 2022

Предмет: **Одговор на барањето за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

По добиеното барање за пристап на информации од јавен карактер, Ви го доставуваме следниот одговор:

По пресудата на апелациониот суд од 11.01.2022 во врска со спорот помеѓу ЗК Пелагонија и ЈП Стрежево од 2016 година, за наводно претрпена штета на ЗК Пелагонија во август 2015 и добивањето на истата во претпријатието, раководството на претпријатието заземе став да се исплати главниод долг со компензација за долгот кој го има ЗК Пелагонија према Стрежево во износ од 35.002.198,00 денари и 25.829.056,00 денари со платен налог.

Судските трошоци се исплатија во целос во износ од 838.120,00 денари.

Камата во износ од 45.184.139,00 денари остана за плаќање со меѓусебна компензација во наредниот период, согласно испорачаните фактури од ЈП Стрежево за годишен надоместок и надоместок за испорачана вода по укажувањето на 52- та седница на Владата одржана на 14 јуни 2022 година како и препораката на Министерството за финансии за сукцесивно подмирување на долгот.

Со оглед на тоа што оваа пресуда беше правосилна и со цел да не се доведе во прашање ликвидноста на претпријатието и да не се блокира претпријатието, а со тоа се загрози основната дејност - испорака на вода за земјоделците, испорака на вода за РЕК Битола и индустријата и испорака на вода за населението како и неможноста за исплата на плати и придонеси на

вработените и исплата на  обврски према добавувачи се пристапи да на ваков начин се подмирува долгот по пресудата.

За исплатите кои се извршија према ЗК Пелагонија запознаени се и Членовите на Надзорниот и Управниот одбор преку усвојувањето од нивна страна на кварталните извештаите на работењето на претпријатието.

Со почит,

Прилог:

Извадок од Нацрт записникот од 52 – та седница на Владата

ЈП „Стрежево" Битола

Марина Димитровска
Лице за посредување со информации
од јавен карактер